# НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

(Објавена во „Службен весник на РМ“ 73/2010)

Врз основа на член 64 став 1 точка 22 од Законот на Народна банка на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 3/02 51/03, 85/03, 40/04, 61/06 и 129/06) и член 21 став 4 од Законот за вршење на услуга брз трансфер на пари („Службен весник на РМ“ бр. 77/03, 54/07 и 48/10), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

## О Д Л У К А
## за начинот на водење на евиденцијата за секоја трансакција на брз трансфер на пари

### I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

1. Со оваа одлука се пропишува начинот на водење на евиденцијата за трансакциите брз трансфер на пари.

### II. НАЧИН НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА

2. Единствена евиденција за секоја трансакција брз трансфер на пари водат давателите на услуги брз трансфер на пари и субагентите, со исклучок на банка којашто од Народната банка на Република Македонија (во понатамошниот текст: Народната банка) добила согласност за вршење платен промет со странство.

3. Давателот на услугата брз трансфер на пари и субагентот, освен банка којашто од Народна банка добила согласност за вршење платен промет со странство се должни единствената евиденција да ја водат дневно на Образец за водење евиденција на трансакциите брз трансфер на пари 1БТП.

4. Гувернерот на Народната банка донесува Упатство за формата и содржината на Образецот за водење на евиденцијата на трансакциите брз трансфер на пари 1БТП.

### III. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

5. Со влегувањето во сила на оваа одлука престанува да важи Одлуката за начинот на водење на евиденцијата за секоја трансакција на брз трансфер на пари („Службен весник на РМ“ бр. 79/07), освен точката 5 согласно со која давателите на услуги брз трансфер на пари и субагентите водат нумериран регистар на трансакции за износи поголеми од 1.000 евра, сѐ додека министерот за финансии не ги пропише формата и содржината на нумерираниот регистар.

6. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

О. бр. 02-15/VIII - 2/2010
27 мај 2010 година
Скопје

Гувернер
и претседател
на Советот на Народната банка
на Република Македонија
м-р Петар Гошев